Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 83 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 30 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од осумдесет и третата седница на Државната изборна комисија**

Осумдесет и третата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 30 март 2014 година ( недела ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 19:30 часот. Седницата е одржана без присуство на медиумите.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 82 – та Седница на ДИК одржана на 28.03.2014 година;**
**2.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**3.Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**4.Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список и**
**5.Разно.**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на дневниот ред на 83 – та Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 82 – та Седница на ДИК одржана на 28.03.2014 година.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по предложениот Записник од 82 – та Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Записникот од 82 – та Седница на ДИК одржана на 28.03.2014 година.**

**Точка 2:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи за точката 2, **Точката 3:Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии и Точката 4:Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список** ; поради тоа што се непосредно поврзани, како и на претходните Седници, да се води заедничка расправа, а ќе се одлучува за секоја точка поединечно.Сите членови на ДИК се согласија. Даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по овие точки од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека има Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК, за сите три Изборни единици 7,8 и 9, а кои се од стручните служби обработени на 30.03.2014 год кој изнесува вкупно 5.124 решенија. Бројот на позитивните решенија е 4.859 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е вкупно 265 од кои 26 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со ѕвездичка и немаат приложено докази а 239 лица ги нема во Избирачкиот список. Седум лица се дополнително запишани по проверките кои се направени, изготвени се ИС 1 обрасци и може да бидат прифатени. Се проверуваат одбиени пријави, се читаат лицата по име и презиме и основот по кој е одбиена пријавата. Дополнително запишаните лица се читаат по име и презиме и по ДКП.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде образложение по точката 3 од дневниот ред за ИС обрасците на ден 30.03.2014 година.За Образецот ИС 1 – Запишување во Избирачкиот список има вкупно 10 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија ), за Образецот ИС 2 – Бришење од Избирачкиот список има вкупно 51 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија ) и за Образецот ИС 3 – Промени во Избирачкиот список има вкупно 19 решенија (се читаат по ред, по подрачни одделенија ). Овие решенија треба да се усвојат и со Заклучокот да се доставаат до Државниот завод за статистика.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи продолжи со образлагање и по **Точката 4:Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список**; Во врска со овој Заклучок претходно е веќе кажано и седум лица се прочитани по име и презиме и ДКП.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ова негово излагање беше во врска со точките 2, 3 и 4 од овој дневен ред. Продолжи со излагањето и кажа дека има 639 пријави за гласање во Тирана во Изборната единица 7. Прашува дали ова да се тргне како точка од дневен ред за да се увиди зошто се прифатени овие пријави.

Се отвори дискусија.За збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека се ова исти лица кои се пријавија за претседателските избори. Тој ќе настојува да се направи разлика на оваа категорија на лица со две државјанства кои во Р.Македонија имаат привремен престој и се во Избирачкиот список, од нашите граѓани кои се на привремена работа во странство, а со последна адреса на живеење во Р.Македонија. Го чита членот 50 – а став (7) од Изборниот законик . На овие граѓани последна адреса на живеење им е Пустец во Р.Албанија. Предлага овие лица да не бидат запишани во Посебниот Избирачки список, а на 27.03.2014 година можат во Р.Македонија да

дојдат да гласаат. Овие лица не смеат да бидат запишани во посебниот Избирачки список и да се исповетат со наши државјани кои се на привремена работа во странство, а со последна адреса на живеење во Р.Македонија.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, се повикува на членот 50 – а став (7) од Изборниот законик. Кажа дека конкретно од увидот на овие пријави е јасно дека тие лица кои треба да гласаат во Тирана, во нивните пасоши стои дека место на живеење им било во Р.Македонија и треба да бидат прифатени во посебниот Избирачки список.
- Сашо Срцев, Член на ДИК , кажа дека за овие 639 лица темата е веќе надмината и ДИК донесе решение со кое им дозволи да гласаат. Кога беше проверката на Избирачкиот список од политичките партии, ДИК решаваше по поднесените приговори и на крај Управен суд одлучи, согласно членот 50 – а став (7) од Изборниот законик дека тие граѓани ги исполнуваат условите во Изборната единица 7 да гласаат. ДИК ова еднаш го уважи со едногласно решение, па Управен суд во управна постапка се повика на членот 50 – а став (7) од Изборниот законик и нема дилема дека се ова избирачи во Изборната единица 7. ДИК треба да донесе решение дека овие граѓани можат да гласаат каде се пријавени.
- Виолета Дума, Член на ДИК, праша за овие лица да гласаат каде се пријавени, врз основа на што да гласаат.
- Сашо Срцев, Член на ДИК , кажа, исто како што ДИК имаше решение за претседателски избори дека може да гласаат така и сега.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека ДИК тогаш гласала по приговори на политичката партија ДУИ, за претседателски избори. Сега треба да се гласа за пратеници и за нив треба да гласаат државјани на Р.Македонија а не странски државјани.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа, дека ДИК имаше дискусија по ова прашање кога расправаше по приговорите на политичките партии ДУИ и СДСМ, за претседателски избори, но сега е нова тема. Политичките партии истото право ќе го имаат, да расправаат по Избирачкиот список и за парламентарните избори.
- Потпретседателот на ДИК, Субхи Јакупи, кажа дека не случајно видел дека има пријавени 639 лица во Тирана, но мислел дека нема да се пријават за Тирана. Не знаел дека овие гласачи вака ќе ги третираат. Сега за овие граѓани стана проблем, како категорија на граѓани кои се сомнителни и дали ги исполнуваат условите. Затоа го барал ова од службите. Еве еден случај, лицето има патна исправа и живеалиште, пишува Р.Албанија, а лична карта со адреса во Р.Македонија. Е тука е преседан. Правилото е ако е патната исправа со странска адреса лицето мора да биде избришано од посебниот Избирачки список. Одма овие лица треба да бидат избришани од посебниот Избирачки список. ДИК да ги прегледа сите пријави една по една за да донесе соодветна одлука дека овие лица се со странски адреси и дека треба да се бришат од посебниот Избирачки список.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека се јавува повеќе процедурално но и за материјална дискусија. Сака да упати апел до колегите ДИК да не се троши околу оваа точка, имајќи предвид како помина со претседателските избори. Интервенцијата му е да се пристапи рационално, ист Изборен законик се чита, се има иста фактичка состојба. Целисходно е овие лица да се прифатат и да се завземе став, а ставовите се познати и треба да бидат рационални.
- Анета Стефановска, Член на ДИК, го прочита членот 50 – а став ( 7 ) од Изборниот законик. Нејзин личен став е согласно ставот кој пред неколку дена беше завземен, еден единствен став и согласно Изборниот законик донесен. Овие лица се едноставно гласачи и пред пет дена се прифатени и таа сега нема да го повлече

зборот. Треба да бидат прифатени овие лица поради тоа што ги исполнуваат условите и Изборниот законик е на нивна страна.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК , кажа дека навреда ќе биде за нашите сограѓани кои пред педесет години отишле на печалба и сега им е дадено правото да гласаат за пратеници и сега и на лицата други државјани да им се даде право да бираат пратеници во Изборна единица 7, лица од Р.Албанија, е срамота да се исповетат со наши државјани кои отишле на печалба во друга држава. Овие лица не треба да бидат избришани од единствениот Избирачки список. После изборите гарантира дека ќе бидат избришани од Избирачкиот список. Кога ДИК ќе го затвори Избирачкиот список, политичките партии имаат право да дадат приговор, потоа тужба до Управен суд и тогаш ќе се расчистат работите.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека ДИК ги прифаќаше од службата нивните обработени пријави и службата не е виновна. Чита неколку пријави со доставени документи во пријавите. Се уверува дека начинот на кој лицата добиле државјанство, не знае како го добиле. Не смее лицето да има патна исправа со живеалиште во Р.Албанија, а лична карта со живеалиште во Р.Македонија и да биде во посебниот Избирачки список. Викаат дека ДИК е одговорна за Избирачкиот список, но кој ги дава документите. Еве каде е проблемот.Овие лица ако се сите со странска адреса во патната пријава се одбиваат.
- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека сите лица со странска адреса во патната исправа ДИК до сега ги одбиваше.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека на овие лица адресата во македонската патната исправа им е во Р.Албанија. Фотокопијата од патната исправа, тоа е главно и потребно за да се гласа.
- Виолета Дума, Член на ДИК, го чита членот 50 – а од Изборниот законик и кажа дека патната исправа е доказ за странство.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека овие лица имаат два документи со различна адреса, лична карта со адреса во Р.Македонија и патна исправа со адреса во Р.Албанија.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека е умесен предлогот на Влатко Сајкоски, да се гласа, да не се оди многу во расправа.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека од утре ќе го смени начинот на работа на Седница и некоректното ќе се однесува а не како сега џентлменски. Управниот суд одлучил, а ДИК сега прави проблем, а лицата имаат македонски документ.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека и сега судот ќе реши.Судската одлука е последна и сега судот нека реши.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, побара пола саат пауза, да се проверат 639 поднесени пријави за кои воопшто ДИК нема список за кои лица се работи. Се нема материјал за овие 639 лица колку се со ѕвездичка а колку не се.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, пред да се даде паузата праша дали ова се однесува на сите 639 пријави кои нашата служба ги обработила или на дел и дали другите пријави се во ред.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се работи за 639 пријави за Изборната единица 7 во Тирана, а другите пријави не се спорни и даде пауза од половина саат. Паузата започна во 20:10 часот.

Седницата продолжи во 20:45 часот.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се сите членови на ДИК присутни и се продолжува со расправата. За збор се јавија:

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека ја искористил паузата но за тоа време успеал да прегледа половина од пријавите и смета дела лицата ги исполнуваат условите предвидени во членот 41 ставовите (4) и (5) од Изборниот законик за запишување во Избирачкиот список. Според него овие лица треба да останат така како се запишани. Истото ова го потврди и Управен суд, дека овие лица ги исполнуваат законските услови за гласање во Изборната единица 7 .

Никој друг не се јави за дискусија. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ја затвори расправата. Останува само ДИК да се произнесе. Неговото мислење во однос на нашите сограѓани од Пустец веќе го кажал на една од претходните Седници и тој својот став не го менува. И сега излегува дека овие лица имаат една адреса во лична карта а друга адреса во патната исправа. Ова го потврдува неговото мислење кое веќе го искажал. ДИК да се произнесе за 639 граѓани кои се обработени за ИЕ 7 во Тирана.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го стави на гласање предлогот, кој е за запишување на 639 граѓани во Избирачкиот список во ДКП во Тирана.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека нема да учествува за ова гласање. За среќа неговата партија не учествувала во донесувањето на Изборниот законик и тој ќе ја напушти Седницата и нема да гласа во врска со овој предлог.Ја напушта Седницата.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Предлогот за запишување на 639 граѓани во Избирачкиот список во ДКП во Тирана и 3 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи и Виолета Дума ) се произнесоа “ПРОТИВ “ запишување на 639 граѓани во Избирачкиот список во ДКП во Тирана .**

**Констатирано е дека нема Одлука за запишување на 639 граѓани во Избирачкиот список во ДКП во Тирана.**

Влатко Сајкоски, Член на ДИК побара и за другите ДКП да се гласа поединечно. Да се гласа за сите ДКП.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша зошто да се гласа кога за другите ДКП немаше никаква забелешка.

Сашо Срцев, Член на ДИК побара за секое ДКП да се провери и да се гласа.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека беше спорно со ДКП Тирана поради тоа што за живеалиште во патната исправа пишува Тирана. Нека одлучи судот.

Сашо Срцев, Член на ДИК кажа дека ДИК гласа без да направи увид во пријавите, некој од Членовите на ДИК не ги виделе пријавите. Се гласа без да се убедат.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека лицата од Пустец направија проблеми на ДИК. Има повисок орган, Управен суд и ДИК ќе ја почитува одлуката на Управен суд. ДИК гласаше и на службата и се даде повторно да ги проверат сите 639 пријави и да ги одвојат граѓаните кои немаат адреса во Албанија во патната исправа. ДИК може да го повлече решението.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека нема да ги признае тие лица.

Анета Стефановска, Член на ДИК кажа дека кога три члена на ДИК гласаат “ЗА“ и три члена “ПРОТИВ “ значи нема одлука, ДИК не донел одлука и ова е во согласност со членот 40 од Привремениот Деловник на Државната изборна комисија каде стои “ Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови “.

Со оглед дека Бедредин Ибраими, а во меѓувреме и Потпретседателот на ДИК , М-р Субхи Јакупи отсуствуваат од Седницата, Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски овде ја прекина Седницата. 83 – тата Седница на ДИК ќе продолжи утре. Седницата се прекина во 22:19 часот.

83 – тата Седница на ДИК продолжи на 31.03.2014 година во 17:40 часот.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е Комисијата во состав од 6 члена и дека може да работи и да одлучува полноважно. На продолжението на 83 – тата Седница на ДИК од оправдани причини не присуствува Бедредин Ибраими, Член на ДИК.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека 83 - тата Седницата се прекина по гласањето за ДКП во Тирана. Сега останува Членовите на ДИК да се произнесат за гласањето во Изборната единица 7 од реден број 2 - Виена до реден број 36 - Осло.

Се отвори претрес. Никој не се јави за збор и се стави на гласање, прифаќање на обработените пријави за Изборната единица 7 од реден број 2 - Виена до реден број 36 – Осло и прифаќање на обработените пријави за Изборните единици 8 и 9, заклучно со податоците од 30.03.2014 година.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ прифаќање на обработените пријави за Изборната единица 7 од реден број 2 – Виена, до реден број 36 – Осло и за прифаќање на обработените пријави за Изборните единици 8 и 9, заклучно со податоците од 30.03.2014 година.**

Се стави на гласање по **Точка 3:** Предлог Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

Се стави на гласање по **Точка 4:** Предлог Заклучокот за запишување на лица во Избирачкиот список;

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот за запишување на седум лица во Избирачкиот список. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 5:**
**Разно**

По точката “Разно“ никој не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори осумдесет и третата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**83-та седница на Државната изборна комисија заврши во 17:45 часот.**

**Број** 07 - 1274/3
01. 04. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**